# Карпош ин

Јуни / Јули 2019 | Бр. 75/76 | Година 10



Разговор со
**Ивана Павлаковиќ**
млада актерка од Карпош

Програма за
**COOLтурно Лето Карпош 2019**

Освежи се во **„Палма“**

**103 Ученици од Карпош на одмор во Грција**

Совет:
**Чувајте го срцето од високите температури**

**Нова Кујна за градинката „Орце Николов“**



Втора седница со Локалниот совет за превенција

# За побезбеден Карпош

Безбедноста во Општина Карпош, трките по бул. „Партизански одреди“, уништувањето на урбаната опрема и капацитетите на Полициската станица Карпош беа повод за посетата на Карпош на Заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

Претходно се одржа и работна средба меѓу градоначалникот Стефан Богоев и министерот Спасовски, а се одржа и седница со Локалниот совет за превенција на која се зборуваше за актуелните случувања поврзани со безбедноста во Карпош.

Министерот Спасовски информираше дека на територија на Градот Скопје наскоро ќе започнат да работат **350 нови полициски службеници**, а возниот парк ќе биде засилен со нови **12 нови полициски возила**. Дополнително, се интензивираат патролите на бул. „Партизански одреди“ и булеварот „Митрополит Теодосиј Гологанов“ со цел да се спречат трките долж булеварите.

Во изминатиов период, на територија на Карпош се организираа и повеќе маалски средби со граѓани, на кои учествуваа претставници од СВР Скопје, ПС Карпош, советници при Советот, службеници од општинската администрација, со цел да се мапираат покритичните точки во секое маало.

Општиот заклучок беше дека само со почести контроли и санкционирање на оние кои го кршат законот и го нарушуваат јавниот ред и мир, ќе имаме побезбедни населби!



**ОПШТИНА КАРПОШ**
Весник на
локалната самоуправа

**Издава Општина Карпош**
ул. Радика бр. 9
тел.: 02 | 30.55.901
02 | 30.55.902
kontakt@karpos.gov.mk
**www.karpos.gov.mk**

**Издавачки Совет**
Стефан Богоев
Душко Бужаровски
Филип Даскаловски

**Редакција**
Димитар Караташев
Игор Ѓуровски
Мила Гавриловска
Ива Зафировска
Благојче Атанасоски
Ивана Пендовска-Вукашиновиќ

**Главен и одговорен уредник**
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

**Заменик-уредник**
Игор Ѓуровски
igor.gjurovski@karpos.gov.mk

**Одговорен за Фотографија**
Игор Ѓуровски

**Фотографија**
Игор Ѓуровски
Ива Зафировска
Бојан Секулоски

**Лектор**
Ангелина Николовска

**Технички уредник | Графички дизајн**
**STEF**Chou

**Печатница:** Серафимовски
**Тираж:** 20.000 примероци

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

# Во овој број ќе читате...

Втора седница со Локалниот совет за превенција:
**ЗА ПОБЕЗБЕДЕН КАРПОШ** ..... 2

Уредување на постоечкото и **НОВО ЗЕЛЕНИЛО ВО КАРПОШ 4** ..... 4

Обраќање на Градоначалникот - **БРАН НА...** ..... 5

**COOLТУРНО ЛЕТО КАРПОШ 2019:** Забава за сите генерации ..... 6

**ПРОЕКТИ:** Реализирани и во тек ..... 10

Интервју со **Марјанчо Дамески,** управител на НУЛА ОТПАД :
**ОДЛАГАЈТЕ ГО ПРАВИЛНО ЕЛЕКТРОНСКИОТ**
**И ЕЛЕКТРИЧНИОТ ОТПАД** ..... 14

Настава без мобилни: Со вклучено внимание, а
**ИЗГАСНАТИ ТЕЛЕФОНИ ДО ПОДОБРО ОБРАЗОВАНИЕ** ..... 16

Разговор со **Ивана Павлаковиќ** млада актерка:
**ТЕАТАРОТ Е МЕСТО КОЕ ОБЕДИНУВА** ..... 20

**ЕКОЛОГИЈА:** Темелно чисатење на плочниците и платоата,
вонредни еко-инспекции, нов начин на селектирање отпад ..... 25

Карпош е **СИМБОЛ НА СВЕТСКАТА СОЛИДАРНОСТ** ..... 27

**НВО-ВИЗИЈА:**
**СЕКСУАЛНОСТА НЕ Е „ТАБУ“** - Младите заслужуваат ССО! ..... 28

Заслужен **ОДМОР ЗА НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ** ..... 30

**„СОКОЛ“** повторно ќе биде спортски бренд на Карпош ..... 33

ГАСТРОНАУТИ: **„ТРОПСКО“ ОСВЕЖУВАЊЕ** во карпошовата „ПАЛМА“ ..... 36

БИЗНИС КАТЧЕ: **„ВОДЕН СВЕТ”** во срцето на Карпош ..... 38

ЗДРАВЈЕ: **ЧУВАЈТЕ ГО СРЦЕТО ВО ЛЕТО** – високите температури
дополнителен ризик за срцеболните ..... 42

ISSN 2545-482X
9 771857 675000







# Уредување на постоечкото и **ново зеленило во Карпош 4**

Во изминатиов период се уредува зелениот агол меѓу ул. „Љубљанска" и бул. „Партизански одреди", во Карпош 4. На површина од 5.300 метри квадратни, се постави нова тревна површина, украсни грмушки и растенија, со цел да се зголеми и оплемени зеленилото во овој дел од Општината.

За одржување на постоечкото и новото зеленило, ќе се постави и нов систем за наводнување. Изведбените активности за уредување на овој јавен простор се предвидуваа да траат 30 дена (во зависност од временските услови). Оваа акција за зголемување на зеленилото ја спроведува ЈП Паркови и зеленило, а е во рамки на акцијата за уредување на повеќе јавни површини на пофреквентни локации.

Исто така, локалната самоуправа иницираше да бидат дислоцирани и времените објекти (трафиките) кои се наоѓаат во оваа близина.

Неодамна беше поставен и нов зелен појас на потегот долж булеварот „8 Септември".

Овие активности за уредување на повеќе запуштени јавни површини беа веќе најавени и претставуваат стратешка определба на Општината во борбата за заштита на животната средина и надоместување на изгубеното зеленило.



# Стефан Богоев

Градоначалник на Општина Карпош

**e-mail**
gradonacalnik@karpos.gov.mk

**Facebook**
Stefan Bogoev

**Twitter**
@sbogoev

**Instagram**
@sbogoev

## Бран на...

Насловната страна ме инспирираше да биидам пократок. Лето е, веројатно дел сте на одмор, а другите сте веќе вратени и уживате во долгите топли денови. Брановите се синоним на лето, плажа, но, честопати ги користиме и во друга конотација. Многу позитивни бранови од активности во изминатиот период. Но, нема да зборам само во суперлатив, сакам да сум реален и отворен.

**БРАН** на ново зеленило му се случува на нашиот Карпош. Уреден е нов зелен појас долж бул. „8 Септември“, а се подготвува и зголемување на зеленилото на аголот меѓу улиците „Љубљанска“ и „Партизански одреди“, во Карпош 4.

Но, и **БРАН** на крадење на урбаната опрема, уништување на реквизити од детски игралишта, крадење на украсни грмушки и сл.

Дефинитивно, следи **БРАН** на контроли на повеќе општински инспектори на терен и на присуство на полициски службеници во населбите, да спречиме загадување од несовесните наши сограѓани и фирми, да го спречиме **БРАНОТ** на мотори долж „Партизанска“, за што добив потврда и од МВР.

**БРАНОТ** на летни одмори значеше и заслужен одмор за најдобрите наши ученици, првенци на генерација, основци во социјален ризик, најдобри спортисти. Уживаа во камп во соседна Грција, другаруваа и спортуваа.

Пред почетокот на учебната година претстои и **БРАН** на реконструкции во голем дел од училиштата и градинките во Карпош (нови тоалети во „Аврам Писевски“, нова кујна во градинката „Орце Николов“, санација на училници во училиштето „Христијан Тодоровски – Карпош“ и др).

Во време на технолошки **БРАН** се одлучивме да ја ограничиме употребата на мобилните за време на часовите, во сите десет основни училишта во Карпош. Сакаме повеќе внимание на часовите, а помалку социјални мрежи. Повеќе концентрација, за да добиеме поздрави генерации и технологијата да се користи паметно.

Спортскиот **БРАН** го носи меморијалниот турнир „Оливер Соколов – СОКОЛ“ повторно во Карпош. Го ресетираме турнирот кој го симоболизира маалскиот живот, а веќе се обновува и игралиштето на кое се одржува овој настан.

Културниот **БРАН** ни го носи COOLТУРНО ЛЕТО КАРПОШ 2019. Ве очекувам на плоштадот „Делфина“, во Влае 2, на 29 и 30 август, а последната вечер (31 август) се гледаме на платото на „Млечен“. Покана до сите мајки и татковци, баби и дедовци, деца и тинејџери, да дојдат и да се забавуваат, затоа што програмата е буквално прилагодена за од 7 до 77 години.

Искрено Ваш,
Стефан Богоев



COOLтурно Лето Карпош 2019

# ЗАБАВА ЗА СИТЕ ГЕНЕРАЦИИ





Традиционалната културна манифестација, која годинава оди под оригинален наслов **COOL-ТУРНО ЛЕТО КАРПОШ 2019** ќе се одржи од 29 до 31 август (четврток, петок и сабота).

Станува збор за „летна доза на култура, забава и музика“, која локалната самоуправа со години station наназад им ја овозможува на своите граѓани, некаде на крајот на летото, во топлите вечери. Оваа година карпошовото културно лето ќе се одржи на две различни локации: плоштадот „Делфина“, во Влае 2 и платото на „Млечен“ (пред „Ли“ кафе), во урбаната заедница Владо Тасевски.

Како и мината година, и оваа, Општина Карпош одлучи да стави акцент на домашните изведувачи, на докажани музички имиња, но и да донесе нови, млади артисти кои со својот талент и музикалност веќе ги придобиваат симпатиите на целокупната јавност.

Она на што посебно се внимаваше е оваа тридневна манифестација да понуди програма за сите генерации: за најмладите, тинејџерите и повозрасните.

На 29.08.2019 (четврток), на плоштадот „Делфина“ е првата вечер, на која ќе се прикаже детската претстава „Зеленковци“, која е од едукативен карактер, со порака за заштита на животната средина, а во изведба на Театар комедија.

На првиот ден ќе настапат и Гуру Харе, Антониа Гиговска, Мики Јовановски – Џафер и Емилија Колоска.

Вториот ден од програмата исто така ќе биде на плоштадот „Делфина“, а ќе започне со за најмладите најсаканиот и најгледаниот Петко 5+ и Фамилијата, потоа ќе се продолжи со настап на меѓународен хор кој ќе изведува светски хитови (од Битлси, Queens и др.).

Вечерта ќе биде заокружена со музичкиот настап на нашата позната група НОКАУТ.

Третиот ден, затворањето ќе биде на платото на „Млечен“. Предвидена е програма за тинејџерите, со настап на Марко Маринковиќ – Слаткар и перформанс на GP и Steffonator. Исто така, вечерта ќе настапат и Александар Митевски & Дац, а манифестацијата ќе биде затворена во поп – рок стил, со перформанс на Дани Димитровска и нејзиниот бенд.

Програмата ќе ја води нашиот познат водител Жарко Димитроски попознат како Жаре Еден на Еден, што е уште еден привлечен момент за карпошани, но и другите сограѓани да го посетат тридневниот настан и да уживаат во пријатна атмосфера и забава.

**Димитар Караташев**

29-31 август

# ПРОГРАМА

2019

# COOLтурно лето

www.karpos.gov.mk

## Карпош

Плоштад „Делфина“
и
Плато на „Млечен“

# COOL четврток

Плоштад „Делфина“

29 август

**19.30** – Детска претстава „Зеленковци“
**20.15** – Жаре „Еден на еден“
**20.45** – Гуру Харе
- Антониа Гиговска;
- Мики Јовановски Џафер;
- Емилија Колоска

# COOL петок

Плоштад „Делфина“

30 август

**19.30** – Петко 5+
**20.15** – Жаре „Еден на еден“
**20.30** – Светски хорови
**21.15** – НОКАУТ

# COOL сабота

Плато на „Млечен“

31 август

**18.30** – GP Steffonator
**19.15** - Слаткаристика
**20.15** – Александар Митевски & Дац
**21.15** – Дани Димитровска

# РЕАЛИ



## ФРЛАЈ ПАМЕТНО

### во новите корпи за џебен отпад

Општината постави 50 нови корпи за отпадоци, исклучиво наменети за џебен отпад. Станува збор за корпи изработени од тврдопресуван полиестер, кои се поотпорни на временските влијанија, со цел да не се уништува нивното дно. Апелираме до сите граѓани, овие корпи да се користат единствено за поситен, џебен отпад.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА

### на краци од улици во Бардовци

Општина Карпош продолжи со реконструкција и целосна изградба на уште пет краци од три улици во населеното место Бардовци. Станува збор за улиците: „2“, „10“ и „12“. Краците од овие улици добија нов изглед и подобрена функционалност, со цел да се подобрат условите за движење на сите граѓани.





## НОВО ЗЕЛЕНИЛО

### долж бул. „8 Септември“

Уреден е нов „зелен коридор“ долж булеварот „8 Септември“, на потегот меѓу булеварите „Партизански одреди“ и „Митрополит Теодосиј Гологанов“. Зголемувањето на зеленилото на овој потег го направија екипите на Град Скопје, кои во изминатиов период уредија повеќе јавни зелени површини во различни делови од градот.

ЗИРАНИ

# ИНТЕЛИГЕНТЕН ЛЕЖЕЧКИ ПОЛИЦАЕЦ
## пред ООУ „Вера Циривири Трена„



Пред основното училиште „Вера Циривири Трена“, во Карпош 2, на улицата „Руѓер Бошковиќ“ веќе функционира интелигентниот лежечки полицаец. Со надминување на дозволената брзина за движење од 30 километри на час, овој „лежечки полицаец“ се активира и дава сигнал на возачот да ја намали брзината на движење.



# ОСЛОБОДЕНИ СЕ ДРВЈАТА
## од градежните материјали

Реализирана е акцијата за ослободување на „заробените дрвја“, чии стебла и корења беа узурпирани од бекатон плочки, асфалт и други градежни материјали. Како резултат на несоодветно изведување на градежните работи, околу 40 високоразвиени дрвја во Карпош беа „заробени“. Развиените дрвја ја апсорбираат прашината и штетните гасови за 30 до 40 отсто повеќе во споредба со младите дрвја, затоа, заедно со Градот Скопје, ја реализиравме оваа акција на мапирање на дрвјата и нивно ослободување од градежни материјали.

# САНАЦИЈА НА ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА
## во Карпош 3 и Карпош 4



Санирани се детските игралишта во населбите Карпош 3 и Карпош 4. Овие населби се со најголем број на зони за рекреација на најмладите и локалната самоуправа во повеќе наврати ги санира лулашките, тобоганите, клацкалките и другите реквизити. Апелираме правилно да се користат и да не се уништуваат реквизитите.

# ВО ТЕК

## Започна изведбата на **ИНКЛУЗИВНО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ** во Влае 2

Првото инклузивно детско игралиште во Карпош почна да се изведува во Влае 2, веднаш до плоштадот „Делфина“. Ова игралиште ќе овозможи рекреација за сите деца, а секоја од справите ќе биде прилагодена и за децата со посебни потреби. Игралиштето ќе се простира на површина од 450 квадратни метри и ќе бидат поставени десет реквизити: двојна клацкалка, детска двојна лулашка, лулашка за лица со инвалидска количка, специјален кош, мини инклузивен базен за играње со песок на стоење, инклузивен базен за играње со песок на седење (2), мини багерче за копање во базен, вртелешка и детско катче – замок.



## **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КУЈНАТА** во градинката „Орце Николов“ во Карпош 3



По речиси половина век, (по 48 години), ќе биде целосно реконструирана кујната во детската градинка „Орце Николов“, во Карпош 3, која воедно е и најстарата градинка на територија на нашата држава. Деновиве, активно се работи на поставување на нова санитарија, елементи во кујната и на инсталациската мрежа. Сите санации се изведуваат во согласност со ХАСАП стандардите и насоките на Европската Унија за обезбедување на квалитетна и здрава исхрана за нашите деца. Во градинката е воведено и мени на здрава исхрана, со многу повеќе овошје и зеленчук во дневните оброци, интегрален леб, семиња и сирова храна, со цел уште од рани години дечињата да стекнат една „нова култура“ за своето здравје.

Започнува
# ОБНОВАТА НА ТОАЛЕТИТЕ
## во училиштето „Аврам Писевски“ во Бардовци




Се привршуваат подготовките за реконструкција на сите тоалети во основното училиште „Аврам Писевски“ во Бардовци, со што значително ќе се подобрат хигиенско – санитарните услови во оваа образовна установа. Општина Карпош и Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), склучија Меморандум за соработка со ООУ „Аврам Писевски“, во рамки на Проектот на УСАИД, за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. ООУ „Аврам Писевски“ со поддршка од Општина Карпош доби грант од 1.200.000 денари, а локалната самоуправа ќе учествува со 300 илјади денари.

# САНАЦИЈА НА ПОКРИВОТ
## на „Јан Амос Коменски“ во Тафталиџе 1



Во тек е санацијата на покривот на ООУ „Јан Амос Коменски“ во Тафталиџе 1. Се изведуваат работи кои опфаќаат освен реконструкцијата на самата кровна површина и поставување на пластифицирани хоризонтални олуци во должина од 400 метри. Покривот во ова училиште подолго време претставуваше сериозен проблем, особено во перидот на врнежи од дожд и снег, поради што Општината презеде активности за трајно решавање на овој проблем.





# ОБНОВА НА „МОСКОВСКА“,
## а по неа и „ВАРШАВСКА“

Во финална фаза е реконструкцијата на улицата „Московска“ која претставува граница меѓу Тафталиџе 1 и Тафталиџе 2. Градот Скопје реконструира 690 метри од коловозот, во вредност од 8, 2 милиони денари.

Дополнително, кога станува збор за обнова на инфраструктурата, во текот на летото, Општина Карпош ќе ја обнови и ул. „Варшавска“ (од бул. „8 Септември“ до кружниот тек на гимназијата „Георги Димитров“), потег на кој веќе се поставува и нова водоводна мрежа од страна на ЈП Водовод и канализација.

Интервју со **Марјанчо Дамески**, управител на НУЛА ОТПАД ДОО Скопје

# ОДЛАГАЈТЕ ГО ПРАВИЛНО **ЕЛЕКТРОНСКИОТ И ЕЛЕКТРИЧНИОТ ОТПАД**

Разговараше: **Димитар Караташев**



*Непотребните или неисправни уреди во домаќинството, како машина, фрижидер, телевизор може да ги одложите – фрлите на правилен начин, а притоа да не ја загрозите животната средина.*

**Колку долго „НУЛА ОТПАД“ работи на проблематиката за собирање на отпадна електрична и електронска опрема?**

- Основањето и почетокот на дејствување на Друштвото за управување со отпад НУЛА ОТПАД ДОО Скопје, датира од 2012 година. Своето дејствување како непрофитна организација во управување со специфичните текови на отпад го започна кон крајот на 2012 година со добивање на Дозволата за постапување со Отпадни Батерии и Акумулатори (ОБА) и од тогаш функционира исклучително активно и претставува поим за позитивни вредности во сферата на заштита на животната средина.
Наредната година аплициравме за Дозволата за постапување со Отпадна Електронска и Електрична Опрема (ОЕЕО), со што „НУЛА ОТПАД“ ДОО стана прво друштво за постапување со овој вид на отпад во државата. Оттогаш активно воспоставуваме организиран пристап за управување со отпадни батерии и акумулатори и отпадна електрична и електронска опрема во согласност со двете дозволи издадени од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Дали сметате дека се подигнува јавната свест и граѓаните почнаа правилно да го одлагаат е – отпадот?**

- Морам да напоменам дека од почетокот до сега има извесен прогрес во работата. Постапувањето со ОЕЕО влијае на социјалниот и економскиот раст, на знаењето и развојот, доколку се применува на одговорен начин. Од друга страна, на крајот на нивниот животен циклус, доколку не се управува соодветно ОЕЕО може да предизвика ризици по здравјето на луѓето и на животната средина. Поради тоа, од големо значење е да се комуницира за проблемот за соодветна селекција на ОЕЕО. Најголем број од чинителите, вклучувајќи ја и јавноста, не се свесни за негативните влијанија врз животната средина и врз здравјето на луѓето од несоодветното отстранување. Во врска со наведеното, „НУЛА ОТПАД“ ДОО организира многу кампањи, едукации и различни типови настани во соработка со производителите на ОЕЕО, општините, училиштата и градинките, рециклаторите, собирачите и сé со цел да се подигне свеста за соодветно управување со ОЕЕО. Особено внимание се посветува на децата во претшколска возраст, школска возраст, учениците во средното образование и производителите/увозниците на електрична и електронска опрема. Во годините од нашето дејствување, навистина позитивно искуство ни се едукациите кои ги спроведуваме во училиштата, поточно на дечињата од претшколска и школска возраст. Децата и учениците се многу успешни во испраќањето порака до нивните родители и до повозрасните.
Од друга страна, кампањите и едукацијата за селектирање на различни типови отпад во домаќинствата очекувано може да дадат резултати на долгорочна основа.

**Имајќи предвид дека заштитата на животната средина е меѓу најактуелните теми не само кај нас туку на глобално ниво, што е Вашиот фокус за претстојниот период?**

- Основа за развој на системот за управување со ОЕЕО во земјата се националните цели пропишани во Законот за управување со ОЕЕО, според кои, годишно, до 2020 година, треба да бидат собрани најмалку 4 kg по глава на жител. Истовремено, треба да бидат исполнети и минималните цели за повторна употреба и рециклирање пропишани со Законот за ОЕЕО.
Со цел да се имплементираат националните цели, НУЛА ОТПАД ДОО се фокусира на зајакнувањето и подобрувањето на механизмите за соработка помеѓу сите чинители, централната и локалната власт, приватниот сектор, академската јавност, граѓанскиот сектор... Оттаму, нужна е промоција на управувањето со ОЕЕО на еколошки начин и минимизирање на влијанието врз животната средина и здравјето на луѓето, притоа користејќи ги предностите на можностите кои тие ги презентираат.
НУЛА ОТПАД ДОО ќе исчекори напред кон овозможување на развивање на циркуларна економија, со што ќе се овозможи поголема искористеност на ресурсите, а самото тоа ќе доведе и до економски развој преку спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина, врз животот и здравјето на луѓето, во согласност со принципите на циркуларната економија.

**Како ја оценувате досегашната соработка со Општина Карпош?**

- Општина Карпош е една од првите Општини која ги спроведува законските обврски и која во координација со НУЛА ОТПАД ДОО има спроведено низа активности за организирано собирање на ОЕЕО и ОБА, како и заедничко учество во акции за чистење и заштита на животната средина. НУЛА ОТПАД ДОО како давател на услуга на местата определени од градоначалникот на општината (собирни места) ги постави садовите за собирање и за селектирање на отпад со кои се овозможи селектирање на отпадот пред неговото собирање, а особено одделно собирање на опасниот отпад создаден од домаќинствата.
Повеќекратно, на територија на Општината се спроведени едукативни акции за децата од пред школска и школска возраст и се поставени специјализирани садови за собирање на батерии и ОЕЕО во училиштата.
Општина Карпош со своите органи на управување и менаџментот со високо развиена еколошка свест се меѓу првите локални власти со кои НУЛА ОТПАД ДОО има склучен договор за заедничко дејствување и активно се заземаа во спроведување на законските одредби со цел да се заштити животната средина, животот и здравјето на луѓето.
Реализираните проекти и преземените мерки за подобрување на општата состојба со управувањето со отпадот од електрична и електронска опрема и отпадни батерии и акумулатори на територија на Општина Карпош се пример за добра соработка со НУЛА ОТПАД ДОО и грижа за собирање и расчистување како и преземање мерки за спречување и намалување на е-отпадот.
Целта на овие акции е да се подигне јавната свест кај сите чинители на општеството.

**Бидејќи, конечно, вие го собирате електричниот и електронски отпад од домаќинствата на граѓаните, кажете ни каде завршува истиот?**

- За достапноста на нашата услуга да биде на највисоко ниво и најблиску до граѓаните, имаме отворено **ЕКО ЛИНИЈА 070 236 000** која е постојано достапна за граѓаните. После пријавувањето на отпадот од страна на граѓаните, се врши организирано презимање на пријавениот ОЕЕО директно од домаќинствата од лиценцирани компании за собирање и транспорт.
Ваквата активноста ја потенцира потребата за инвестирање во инфраструктура и опрема за селективно собирање, складирање и третман на ОЕЕО од страна на колективниот постапувач НУЛА ОТПАД ДОО.
Ефективното собирање на ОЕЕО не подразбира начин на кој нелегалните постапувачи со отпадот ќе преземаат од граѓаните е-отпад, како што е тоа традиционално до сега.
После легалното преземање на отпад од домаќинствата, обраниот отпад се селектира и складира во постројки кои поседуваат Дозволи за третман и преработка издадени од МЖСПП во кои последователно се врши пред-третман како што е рачно расклопување на ОЕЕО на одделни фракции. Единствената компонента од ОЕЕО што се рециклира во земјата е металниот дел. За останатите фракции како што се стакло, батерии, компјутерски делови, пластика, катодни цевки и слично не постојат капацитети за преработка.
Бидејќи станува збор за специфичен отпад односно отпад кој во себе содржи и опасни компоненти, посебна проблематика постои во врска со нивниот соодветен третман. Во земјава не постои депонија за опасен отпад, така што опасните компоненти од ОБА и ОЕЕО, согласно Базелска конвенција се извезуваат во лиценцирани компании во странство.
Рециклирањето на различни компоненти е клучен чекор во управувањето со ОЕЕО. Многу од материјалите кои ги содржат производите може да бидат повторно употребени во производните процеси, во согласност со принципите на циркуларната економија.

*** ОЕЕО** - отпад од електрична и електронска опрема

*** ОБА** - отпадни батерии и акумулатори

Во Карпош стартува
**настава без мобилни**

# СО ВКЛУЧЕНО ВНИМАНИЕ, А **ИЗГАСНАТИ ТЕЛЕФОНИ** ДО **ПОДОБРО ОБРАЗОВАНИЕ**

Автор: **Димитар Караташев**

Општина Карпош ќе биде првата локална самоуправа во која ќе започне да се спроведува проектот за ограничена употреба на мобилните телефони и другите електронски уреди во текот на наставата, во сите десет основни училишта.

На почетокот на секој час, учениците ќе ги оставаат своите мобилни телефони во наменски организатори, т.н нумерирани џебови, кои ќе бидат поставени во секоја училница, а меѓу часовите и за време на одморот ќе можат да комуницираат со своите родители, пријатели и блиски.

За овој проект се одржа и јавна дебата, во организација на здружението „Ајнштајн“, во Public Room, под мотото „Како технологиите влијаат врз развојот на децата“. Овој проект, кој е поддржан и од Европската Унија, беше пилотиран во десетте основни училишта во Карпош, при што се одржаа консултативни средби со ученици, наставници и родители, за да се осети пулсот на сите засегнати страни.

На дебатата, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев изјави дека проектот „на прва“ може нема да им се допадне на учениците, но во случајов ,најмногу се заштитува токму нивниот интерес. Многу попотребно е, за време на часовите, да се „вклучи вниманието“, а не Facebook и Instagram. Од друга страна, сметам дека ова ќе ги мотивира и наставниците да бидат покреативни во своите предавања, за да го одржуваат вниманието на учениците. Значи 45 минути учениците нема да бидат active на социјалните мрежи, на Интернет, но потоа ќе си заштедат од слободното време и ќе им треба помал временски период за да совладаат одредена лекција или слично, затоа што најдобро се учи кога се следи наставата, посочи Богоев.

На дебатата се обрати и Првата дама на Република Северна Македонија, Елизабета Ѓорѓиевска, која напомена дека сите емоции не можеме да ги изразиме преку емотикони на социјалните

мрежи туку треба да зборуваме гласно и да ги манифестираме јавно нашите ставови. Во дебатата се вклучија и повеќе експерти од сферата на психологијата, комуникациите и социологијата, при што се осврнаа на паметното користење на технологијата и бенефитите од овој проект. Градоначалникот Богоев посочи дека не е противник на користењето на социјалните мрежи, туку спротиво, и тој лично и Општината инсистираат на проактивна комуникација, но таа мора да биде насочена и корисна.

- Основачот на Facebook не е виновен што креирал платформа на која денес може да се соочиме со говор на омраза или слично. Нашето однесување на социјалните мрежи е рефлексија, огледало на нашиот карактер. Затоа е потребна регулација на овој простор, двонасочна комуникација со граѓаните, за спречување на лажни вести и подигнување на јавната свест, констатираше Богоев.



# ГРАДИНКАТА РАСПЕНА МЛАДОСТ НАПОЛНИ **40 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ**

Градинката Распена Младост, на големата сцена во МНТ, неодамна го прослави 40 годишниот јубилеј од своето постоење.

На свечената манифестација учествуваа 150 деца, од две ипол до шест годишна возраст, со приредбата под наслов “40 години прославуваме низ четири годишни времиња растеме и се радуваме”. Големиот број на присутни родители, гости од Општина Карпош, гости од МТСП, како и од другите градинки, имаа можност да присуствуваат на прекрасната изведба на кореографијата на децата, костимографијата и сцената која изобилуваше со шарени бои и цветни дезени.

Градинката Распеана Младост во Карпош 1 е формирана на 25 мај, 1979 година, во 1981 добива втор објект, кој по распадот на Југославија се пренаменува во амбасада на САД. Оттогаш градинката функционира со само еден објект. Со отворањето на новоизградениот објект во населбата Бардовци, оваа градинка добива уште еден објект кој има капацитет да згрижи околу 80-на деца.









# ЗАЕДНИЧКО ЧЕСТВУВАЊЕ НА **СВ.ПАНТЕЛЕЈМОН**

Во Средно Нерези традиционално беше одбележан празникот Св.Пантелејмон.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев заедно со членови од Советот го посетија храмот Св.Пантелејмон, при што се сретнаа со поголем број на граѓани. Во оваа пригода, тие си го честитаа големиот празник, посакувајќи си добро здравје, среќа и благостојба.

Граѓаните разговараа со градоначалникот Богоев и за актуелните проекти во Карпош, разеленувањето на Општината, како и за инфраструктурните зафати кои беа реализирани во изминатиов период.

# АНКЕТА

Почитувани граѓани,

Општина Карпош спроведува анкета со цел да изработи стратешки документ: План на активности за урбана мобилност. Тоа значи Општината да создаде услови за движење на пешаците, велосипедистите, возачите на ролери, на електротротинети и други превозни средства  кои не го загадуваат воздухот.

Со овој стратешки план ќе се овозможи планирање и пристапност до сите јавни објекти во Општината, како и да обезбеди пристапност за лицата со хендикеп. Крајната цел на Планот за урбана мобилност е да се стимулираат граѓаните да користат што помалку сопствени возила на сметка на подобрување на јавниот градски превоз и користење на еколошки превозни средства.

Пополнетите анкети, Ве молиме да ги доставите до најблиската урбана или месна заедница!

1. Дали сте задоволни од постоечката сообраќајна инфраструктура во Општина Карпош?

- [ ] Да
- [ ] Не
- [ ] Делумно

2. Дали сте задоволни од постоечката инфраструктура за пешаци/ролери во Општина Карпош?

- [ ] Да
- [ ] Не
- [ ] Делумно

3. Дали сте задоволни од постоечката инфраструктура за велосипеди/тротинети во Општина Карпош?

- [ ] Да
- [ ] Не
- [ ] Делумно

4. Дали сте задоволни од постоечката инфраструктура за лица со посебни потреби во Општина Карпош?

- [ ] Да
- [ ] Не
- [ ] Делумно

5. Дали сте задоволни од постоечкиот паркинг простор во Општина Карпош?

- [ ] Да
- [ ] Не
- [ ] Делумно

6. Дали сметате дека треба да се воведе платено (зонско) паркирање во Општина Карпош?

- [ ] Да
- [ ] Не
- [ ] Делумно

7. Дали сметате дека треба да се воведе резидентно паркирање (само за станарите) во Општина Карпош?

- [ ] Да
- [ ] Не
- [ ] Делумно

8. Дали сте задоволни од постоечката состојба на јавниот градски превоз за патници?

- [ ] Да
- [ ] Не
- [ ] Делумно

9. Колку членови брои вашето семејство/компанија?

10. Со колку возила располага вашето семејство/компанија?

11. Какво превозно средство користите секојдневно за своите потреби/потребите на компанијата?

______________________________

12. Во кој дел од Општина Карпош живеете/се наоѓате?

______________________________

13. На колкава оддалеченост патувате/се движите секојдневно?

14. Ваш предлог за подобрување на автомобилскиот и товарниот сообраќај и безбедноста во Општина Карпош:

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

15. Ваш предлог за подобрување на сообраќајот за велосипеди/тротинети и пешаци/ролери и безбедноста во Општина Карпош:

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

# мЗАЕДНИЦА

**ГИ ОТСТРАНУВА БАРИЕРИТЕ ЗА ВРЕМЕТО И МЕСТОТО КОГА ГРАЃАНИТЕ МОЖАТ ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО УРЕДУВАЊЕТО НА ОПШТИНАТА И НОСЕЊЕТО НА ОДЛУКИ.**

Преземете ја апликацијата, мапирајте ги приоритетните проблеми кои треба да се решат и дадете предлози за подобрување на животот во Општина Карпош.




# ПРЕД ДА ПРИЈАВИШ:

**1**

**ПРЕГЛЕДАЈ!**
Прегледај ги пријавите на останатите граѓани пред да пријавиш проблем, предлог или иницијатива

**2**

**ПОДДРЖИ!**
Поддржи ги пријавите на останатите граѓани, поголем број на засегнати граѓани ја прави пријавата порелевантна!

**3**

**КОМЕНТИРАЈ!**
Пегледај ги коментарите и информациите кои ги споделиле останатите граѓани и општината и вклучи се во комуникацијата.

**мЗаедница**
**Општина Карпош**

**Преземи од**

GET IT ON Google Play

Download on the App Store

БЛИНК 42 – 21
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ ИНОВАЦИИ



Разговор со **Ивана Павлаковиќ**,
млада и етаблирана актерка

# ТЕТАРОТ Е **МЕСТО КОЕ ОБЕДИНУВА**

Разговараше: **Виолета Цветковска**

*Од денешна дистанца се ми изгледа многу лудо и храбро. Од комфор зоната скриена позади страните на книгите кои ги „голтав“, удобноста на театарските столчиња додека гледав претстави, сé до приемните на ФДУ на кои влегов со ликот на Клаус од “Диво месо” на Горан Стефановски.*

**Спаѓаш во малиот број на млади глумици, кои по дипломирањето и уште за време на студиите, успеа цврсто да застане на актерската сцена. Како се одвиваше „битката на троновите“ меѓу желбата за актерство и рестриктивниот и релативно затворен свет на уметниците?**

**-** Втора средно. Лавиринти на Карев и една професорка Емилија Ристановска, која за мене е професорката која ми го обележа моето средно во моментот кога ми даде книга од Дејан Дуковски. И се случи таа магија, еделвајс во која живеам до ден денес. Од денешна дистанца се ми изгледа многу лудо и храбро. Од комфор зоната скриена позади страните на книгите кои ги „голтав“, удобноста на театарските столчиња додека гледав претстави, сé до приемните на ФДУ на кои влегов со ликот на Клаус од “Диво месо” на Горан Стефановски. Бев многу несериозна и се подготвував само два дена. Всушност, стравот од непознатото, она што не го знам, а сакам да го научам, и чистата желба и отвореност ме донесоа на ФДУ, а понатаму и до секоја улога која живее во мене и созрева постојано. Една доста комплексна, испреплетена љубов која себично ја чувам и се трудам да ја одржам во живот.

**Твојот актерски репертоар е зачудувачки широк, па така и публиката која те следи. Од „Петко 5+“, омилената Марија, до Вештерката во „Макбет“, „Венера во крзно“. Како успеваш да одржиш ваква професионална еквилибристика?**

- Многу е значајно секој глумец постојано да се преиспитува. Театарот е жива материја. Секој од ликовите, за кои верувам дека не така случајно ми паднале од небо, пробувам да ги внесам низ мојата призма на гледање на светот. Со секој лик седнувам и гледам што имам да си раскажам. Да видиме до кај сме, што сакаме, што не плаши, кај ни е маката, што не радува, што не смее... Всушност, чист пристап и отвореност кон непознатото е најубавото нешто во секој процес. Среќна сум што пред мене имам едно големо, шарено пачворк платно кое допрва знам дека ќе се полни.

**За релативно кратката актерската кариера сепак имаш богато искуство во настапи: во театар, во телевизиски серии, гостувања на други сцени, меѓународни настапи... Што од досегашното искуство ќе ставиш во книгата на „најубавите сеќавања“?**

- За мене, театарот е место кое обединува. Во денешно време, кога сите живееме лудо и брзо, ме фасцинира моментот дека театарот е место во кое луѓето одат за да бидат заедно. Да се пронајдат, да разменат енергија, да се препознаат себе. Театарот е еден паралелен свет во кој јас ги победувам моите стравови и гласно, јавно се борам со нив. Секој процес за мене е подеднакво важен бидејќи на различен и на свој начин “откорнал” и оставил свој печат врз мене. “Солун град на духови” во режија на Слободан Унковски за мене е претстава која ми го промени видикот. Седум лади глумци, театарски столчиња, три рефлектори и чиста емоција. Процес во кој дознав на своја кожа што значело она да се има “екипа” која се бори за сите членови, а од друга страна таму има седум солисти, различни по енергија и суштина. Би сакала вечно да ја играм. Втората претстава е “Венера во крзно” во режија на Ивана Ангеловска, дуо драма во која играме јас и Благој Веселинов. Знам само дека во мојата утопија ако дочекам да имам 200 години - би ја играла секој ден со истиот жар и тресење на колена како сега. Зашто, ова за мене, е најскапоцениот процес во кој сум била до сега. Бујрум од септември во Театар на Навигатор Цветко - Кино Култура.

**Од неодамна си карпошанка... уште една про-**


Фото: Димитар Апостолов




Фото: Димитар Апостолов

**мена во твојот живот: од стариот добар Чаир, во урбаниот и монденски Карпош. Дали ти се допаѓа промената?**

- Ох Чаир. Чаир е детство, другарство, баба ми, растење, одрани колена од трчање и паѓање во парк, Бајрам и Велигден во едно, баклава, турски чај и јајца, перење теписи пред зграда, другарка ми Мери и бесконечните муабети кои траат 21. година колку што се познаваме, топлина, дом. Чаир никогаш нема да престане да биде мое дома. А, Карпош е нешто ново. И средното и факултетот ми беа во Карпош - тоа е таа невидлива поврзаност со мене и мерењето тротоари на Партизанска додека пешачам. Карпош е местото во кое удобно, веќе два месеци, “пуштам” корен кој се надевам ќе расцути на најфин начин. А “Лондонска” е правиот избор за пиење на првата голтка кафе во тишина во утринските, ситни саати. Се радувам на новата етапа.

**Кои се твоите соништа... кон што целиш во животот?**

- Соништа... мал милион. Имено, никогаш да не престанам да сонувам и да верувам дека се́ може да се оствари. Дали во театар, на филм, дали во животот кој го грабам со секој нов ден. Сакам ентузијазмот и искрениот пристап кон сите работи со кои се соочувам да ми траат постојано. И она љубопитното дете кое живее во мене никогаш да не се измори и да не порасне. Убаво е кога човек ќе се разбуди среќен и ќе рече - ок, што е следно на што ќе се радуваме денес?



Фото: Димитар Апостолов



Карпош на Нутрикон 2019

# ХРАНАТА **КАКО ЛЕК**

*Општина Карпош, изминатиот месец учествуваше на меѓународната манифестација НУТРИКОН 2019 која се одржа во Охрид.*

На оваа реномирана и традиционална средба на научници, лекари, фармацевти, стоматолози и стопанственици, свои научни и стручни трудови презентираа 80 лица од 30 земји од регионот и пошироко. На неа беа презентирани најновите достигнувања од областа на контролата и безбедноста на храната, нутриционизмот и здравството.

Како членки на Европското тело за хигиенски инженерингни дизајн, Општина Карпош преку својот претставник М-р Ирена Калајџиева Милевска активно учествуваше во овој меѓународен настан чија цел е да се промовирааат најновите научни трендови во Европа, како и усогласување на законските регулативи на земјите учеснички со европската рагулатива.

Особен интерес кај присутните предизвика научниот труд за влијанието на храната врз некои тешки заболувања во дигестивниот тракт и на дебелото црево, како и лекување со трансплантација на цревна микрофлора, односно микробион, во насока на лечење на тешки малигни заболувања.

Како секоја година, и оваа, присутните ја искористија научната средба за меѓусебно запознавање и вмрежување, како и за размена на знаење и идеи.

Од претставувањата на учесниците на своите емпириски и теоретски сознанија, произлезе и Книгата на апстракти која е збирка на сите научни и стручни трудови претставени на конгресот Нутрикон 2019.

**М-р Ирена Калајџиева Милевска**






# ПОДОБРИ УСЛОВИ ВО ПУНКТОТ ЗА БЕЗДОМНИЦИ ВО МОМИН ПОТОК









Во рамки на Пунктот за бездомни лица на Црвениот крст кој се наоѓа во Момин Поток, (Општина Карпош), беше предадена во употреба новата трпезарија која е наменета за граѓаните кои престојуваат во овој објект. Новата просторија која е целосно климатизирана, нуди капацитет за опслужување на 40 лица, околу кои ќе бидат ангажирани и медицински работници, за поефикасна ресоцијализација на бездомниците.

На овој начин, се зголемуваат капацитетите за нега и заштита на бездомниците, кои во рамки на овој хуманитарен објект можат да добијат оброк, преноќиште и здравствена заштита. При посетата, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев и градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов ја изразија нивната заложба за унапредување на социјалната заштита на локално ниво.

Шилегов напомена дека, за новите простории се одвоени **1.700.000** денари, од кои, **1.500.000** се од Буџетот на Град Скопје и **200.000** денари се донации од општествено одговорни компании.

Претставничката од Црвениот крст ја акцентираше добрата соработка со Градот Скопје и Општина Карпош и фактот дека конечно се обезбедуваат подостоинствени услови за бездомниците.

# ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА „СИДРО“ – НОВ НАЧИН НА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАДОТ

Двата рибни ресторани „Сидро“, кои се наоѓаат во Карпош 3 и во УЗ Владо Тасевски (кај „Млечен“), беа задолжени да поставаат посебни садови за собирање на комунален отпад и селектирање на остатоците од храна. Како резултат на непријатната миризба, неправилното одлагање на отпадот и реакциите од граѓаните, инспекциските служби на Општина Карпош заедно со Инспекторатот на Град Скопје, извршија вонреден инспекциски надзор.

Досега, двата рибни ресторани ги фрлале остатоците од храна во контејнерите наменети за комунален отпад. По интервенција на инспекторите од локалната самоуправа и Град Скопје, угостителскиот субјект „Сидро“, склучи договор со овластена фирма за одлагање на отпад во посебни пластични канти, наменети за таков вид на прехранбени остатоци.

Во изминатиот период, инспекциските служби при Општината во повеќе наврати беа во контрола на ресторанот, кој доби и задолжение да изготви Елаборат за животна средина. Општина Карпош продолжува со сите капацитети да работи на контрола на работата на угостителските објекти, делови од нивното работење, за кои локалната самоуправа има надлежност.



# ТЕМЕЛНО ЧИСТЕЊЕ НА ПЛОЧНИКОТ ВО ТЦ ЛЕПТОКАРИЈА

Со новите машини за перење под висок притисок (т.н.вапови) продолжува чистењето на јавните

Се чистеше во ТЦ „Лептокарија“, која претставува една од пофреквентните локации во Општината, особено во текот на летниот период.

Дополнително, со овие машини се чисти и плочникот на „Млечен“, „Педагошка“, како и во Порта Влае.

На овој начин се обезбедува потемелно чистење на јавните површини, од прашина, кал и други честички.

Локалната самоуправа продолжува со интензивните активности за заштита на животната средина и намалување на загадувањето.





# МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ НА БИБЛИОТЕЧНИОТ ФОНД




Во работните простории на Општина Карпош се одржа презентација за вклучување и членство на училишните библиотеки во библиотечно-информацискиот систем на Македонија (COBISS.MK). На неа беа присутни претставници од библиотеките во десетте училиштата кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа. Всушност, станува збор за бесплатно вклучување на училишната бибилиотека во системот COBISS.MK, без плаќање на стандардниот еднократен надоместок за инсталација, во висина од 40.000 денари. Исто така, нема надоместок за месечна членарина до три истовремени работни станици (лиценци), во траење од една година од датумот на вклучување на библиотеката во системот COBISS.MK (стандардната минимална месечна членарина е 33 евра, во денарска противвредност за една лиценца).

Оваа специјална понуда ќе важи за сите училишни библиотеки, што ќе се вклучат во системот до 31.12.2019 година. Под вклучување се подразбира инсталирање на локална база на податоци и програмската поддршка COBISS за училишната библиотека, што се врши откако училиштето ќе склучи договор за членство во овој систем.

COBISS (Cooperative Online Bibliographic System and Services), претставува организациски модел кој се применува за градење и развој на националниот библиотечно-информациски систем на Македонија. Истоимената програмска поддршка на библиотеките им овозможува автоматизирање на сите библиотечни процеси, водење електронска евиденција на набавката и приемот на библиотечниот материјал, електронска евиденција на корисниците на библиотеките и зајмената граѓа, обработка на библиотечниот фонд и водење јавно достапен електронски каталот, врз принципите на заемна (кооперативна) каталогизација. Го изработува и развива Институтот за информациски науки - ИЗУМ од Марибор, Словенија. Освен во Македонија, COBISS се применува и во други држави од регионот (Словенија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Бугарија и Албанија), меѓусебно поврзани во мрежа COBISS.Net, во која членуваат повеќе од 1.300 библиотеки.

# КАРПОШ Е **СИМБОЛ НА СВЕТСКАТА СОЛИДАРНОСТ**

Скопје се сеќава, а Карпош ја памети солидарноста која светот ја покажал кон нас, по катастрофалниот земјотрес на 26 јули, во 1963 година. Голем број на населби се „воздигнати“ како резултат на помошта на светските метрополи. Тафталиџе 1 и Тафталиџе 2 се симбол на постземјотресно Скопје.

Во знак на одбележување на овој трагичен датум, делегација на Општина Карпош предводена од градоначалникот Стефан Богоев, заедно со советничките Елена Антониевиќ (СДСМ) и Светлана Пандиловска (ВМРО-ДПМНЕ) положија свежо цвеќе пред Споменикот на жртвите од земјотресот, на Градските гробишта во Бутел.

Улиците „Хелсинки“, „Копенхагенска“, „Варшавска“, „Осло“, „Атинска“, „Московска“ секојдневно не потсетуваат, дека во катастрофите не постојат поделби и граници.

Спортскиот центар „Партизан“ и денеска поврзува повеќе генерации и повторно ќе биде симбол на модерен и солидарен Карпош.

Во овој дух, секојдневно да ја практикуваме солидарноста и да се сеќаваме на моментите кои претставуваат нов почеток за нашата Општина, град или држава.











# **ОБУКА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ** НА РАБОТНОТО МЕСТО

Во работните простории на ООУ „ Лазо Трповски“ се одржа обука за ракување со противпожарни апарати, како и за безбедносна евакуација при настанување на пожар. Како што нагласи и раководителот на Одделението за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра при Општина Карпош Раде Мицкоски, оваа обука е со цел, вработените во локалната самоуправа и вработените во ООУ „Лазо Трповски“, да стекнат основни знаења и вештини при ракување со овие противпожарни апарати.

- Безбедноста и заштитата на работното место кај секој вработен е една од најбитните предуслови при функционирањето на работата. Само безбеден и заштитен вработен, може да биде и ефективен и ефикасен работник, нагласи Мицкоски.

На обуката учествуваа вработени во локалната самоуправа, како и вработен наставен кадар од ООУ „Лазо Трповски“.

# СЕКСУАЛНОСТА НЕ Е „ТАБУ“ - МЛАДИТЕ ЗАСЛУЖУВААТ СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ (ССО)!

*Сеопфатното сексуално образование, или како ние што го нарекуваме (ССО) подразбира учење за когнитивниот, емоционалниот, социјалниот и физичкиот аспект на сексуалноста.*

Сексуалното образование започнува рано о детството и продолжува низ периодот на адолесценција и зрелост. За децата и младите луѓе, ССО има цел да обезбеди поддршка и заштита на сексуалниот развој. ССО се состои од седум компоненти: род, сексуално и репродуктивно здравје, граѓански аспекти, задоволство, врски и односи, насилство и различност.

Младите во Македонија немаат доволен, или имаат сосема незадоволителен пристап до информации од областа на сексуалното и репродуктивно здравје и правата кои им следат поврзани со овој сегмент на живеење. Тие имаат нужна потреба од подобра достапност на квалитетни здравствени услуги, меѓудругото, и поради фактот дека се на најниско ниво на листата по употреба на контрацепција во Европа. Но, затоа пак, нашите млади се на највисоко ниво по стапката на тинејџерски бремености и на абортуси. Со други зборови кажано, лидери се по нешта кои не се добри за нивното здравје и благосостојба. Состојбите со здравјето на младите се загрижувачки, а ризичното однесување и насилство се сѐ поприсутни. Токму неинформираноста на младите е една од клучните причини за нивната лоша физичка и ментална здравствена состојба.

Сѐ додека не дојдеме до моментот кога младите ќе имаат ССО во училиштата, ХЕРА интезивно работи на едукација на младите преку неформалното образование и врсничката едукација, засега како единствена алтернатива.

Состојбата на терен ни покажува дека има огромно интересирање кај младите за овие теми, но за жал, таквите информации тие не можат да ги добијат во својата образовна институција. Тоа е така затоа што истата не може и нема капацитет да им го даде она што им треба преку постојниот едукативен процес.

Токму затоа, ние од ХЕРА не губиме време и интезивно работиме токму на таквата едукација. Неформалното образование за ССО го спроведуваме и имплементираме преку нашите врснички (млади обучени едукатори со возраст блиска до целната публика-адо-




лесцентите), преку едукации во основните и средните училишта ширум Република Северна Македонија, како и во наште едукативни центри. Во последните две години, повеќе од 800 млади ги поминаа седумте компоненти на ССО.

Добрите вести се дека додека работиме на терен со врсничката едукација, паралелно го водиме процесот на воведување ССО во училиштата. Всушност, на чекор сме пред она на кое работевме со години, а тоа е пилотирање на ССО во училиштата. Тоа ќе биде пилот програма со модифициран модел, односно изборен предмет кој ќе ги опфаќа седумте компоненти на ССО и истиот ќе биде пилотиран во најмалку четири училишта (две во урбана средина, едно во рурална средина и едно училиште каде мнозинство од учениците се од малцинските етнички заедници), при што учениците од деветто одделение би се пријавиле доброволно за негова реализација. Едно училиште со слични карактеристики ќе служи за компарација на резултатите со останатите.

Пилотирањето, согласно Акцискиот план, е предвидено да отпочне со реализација во 2021 година, доколку претходно бидат завршени сите планирани чекори: изработка на материјали за обука на наставниците, обука на наставниците, изработка и пилотирање на инструментите за евалуација на пилот програмата.

Доколку евалуацијата потврди дека оваа програма е успешна и потребна, ССО ќе стане дел од формалното образование.

# ЗАСЛУЖЕН ОДМОР
## ЗА НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ





Иоваа година локалната самоуправа испрати на заслужен одмор во Република Грција, 103 деца во кампот „Александра“. Станува збор за осум првенци на генерација, 38 ученици во социјален ризик и 57 спортисти со државни и меѓународни признанија.

Ова се учениците кои во текот на изминатата учебна година покажаа најдобри резултати во наставниот дел и во спортот. Новина оваа година е зголемениот опфат на деца, бидејќи локалната самоуправа одлучи да даде простор и на учениците од социјално – загрозените семејства.







На овој начин обезбедивме поттик и поголем простор за дружење меѓу сите овие ученици кои една недела ќе имаат можност да другаруваат, да спортуваат и да се рекреираат.

За време на кампувањето, на располагање ќе им бидат различни игри и активности: пинг – понг, игри без граници, тематски забави на плажа, водени спортови, одбојка и др. Како поддршка и за грижа околу децата, присутни се и лица од Општина Карпош, претставници од Одделението за образование и Одделението за спорт и култура. Дополнително, за децата ќе се грижат и обучени тренери.





На јубилејните спортски игри на
Синдикатот на УПОЗ

# ЧЕТИРИ МЕДАЛИ ЗА КАРПОШ



Од 6 - 9 јуни во хотелскиот комплекс „Метропол“ во Охрид се одржаа 25-те јубилејни спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ.



Оваа година како и минатата учествуваа голем број административци, односно над 450 членови на Синдикатот на УПОЗ од 33 синдикални организации, кои ги одмерија своите спортски способности во повеќе дисциплини.

Државните службеници на Општина Карпош, и покрај силната конкуренција од цела држава, на годинешниве синдикални спортски игри на УПОЗ, успеаја да се закитат со четири медали при што освоија: прво место во пинг-понг во машка конкуренција, прво место пливање во женска конекуренција, прво место пинг -понг мешани двојки и трето место во пинг-понг во женска конкуренција.

Севкупен победник на 25-тите спортски игри и средби, со вкупно освоени 38 бодови беше Синдикалната организација при Управата за јавни приходи.



# **СОКОЛ** ПОВТОРНО ЌЕ БИДЕ **СПОРТСКИ БРЕНД** НА КАРПОШ




Општина Карпош ќе биде главен покровител на Меморијалниот турнир во мал фудбал, „Оливер Соколов – Сокол“, кој по неколкугодишна пауза, повторно се враќа на спортскиот календар во Карпош. Исто така, целосно ќе се реконструира и теренот, каде што се одржува овој спортски настан, ќе се обноват трибините, головите, подлогата и другите реквизити.

Ресетирањето на „Сокол“ е еден од предизборните проекти на градоначалникот Стефан Богоев, со цел да се вратат настаните кои се симбол на маалскиот живот во Карпош и поврзуваат различни генерации и етникуми. Турнирот ќе започне на 2. септември и ќе се организира во партнерство со Здружението на граѓани за подготовка и организирање на турнирот.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
## ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА ОД РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ



Културата, мултикултурализмот и историјата претставуваа главни нишки за да се воспостави соработка меѓу основното училиште „Аврам Писевски“ од Бардовци и училиштето „Други Шумадијски Одред“, Марковац, општина Велика Плана, Србија.

Станува збор за две училишта кои се лоцирани во рурални средини, но се истакнуваат со својата креативност и проекти за здрава исхрана и заштита на животната средина. Гостите од Србија се сретнаа со градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, притоа можеа да се запознаат со работата на локалната самоуправа.

- Бардовци и ова училиште во минатото беа заборавени, но денеска овој дел го развиваме. Веднаш до училиштето отворивме и нов објект на градинка, рече Богоев.

Оваа посета на наставниците од Србија е возвратна, откако претходно нашите просветни работници беа во посета на Марковац и општината Велика Плана.

Богоев потсети дека ова училиште полека но сигурно го добива својот вистински сјај. Веќе функционира отворената училница – еко градина во состав на училишниот двор, а во текот на летниот распуст целосно ќе се реконструираат и тоалетите во оваа образовна установа.

- Бардовци и ова училиште во минатото беа заборавени, но денеска овој дел го развиваме. Веднаш до училиштето отворивме и нов објект на градинка, рече Богоев.

Оваа посета на наставниците од Србија е возвратна, откако претходно нашите просветни работници беа во посета на Марковац и општината Велика Плана.

Училиштата посебно ќе работат на размена на искуства меѓу учениците и наставниците на полето на културата, мултикултурализмот и историјата, имајќи предвид дека Република Северна Македонија и Република Србија се соседни земји, со голем број на сличности и разлики. Претставниците од двете училишта се фокусирани кон подигнување на јавната свест кај сите чинители и креирање на проекти за здрава исхрана и правилно искористување на отпадот. Гостите од Србија посетија и повеќе културни установи, Музејот на македонската борба, а дел од времето го поминаа и во Охрид.

#УтринскоКафеВоКарпош

@antic_ivona




@dejan_m




@maja_a





# „ТРОПСКО“ ОСВЕЖУВАЊЕ ВО КАРПОШОВАТА „ПАЛМА“



*Можеби најпопуларната слаткарница во Скопје се наоѓа на територијата на Општина Карпош. Во населбата Тафталиџе 2, локациски сместена директно да „ гледа“ кон најфрекфентната сообраќајница во Скопје- „Партизанска“, слаткарницата „Палма“ е одлично место за вистинско летно уживање.*





Големиот избор на разни овошни и млечни вкусови на сладоледи, кафиња, торти и колачи, комбинирани со освежувачката лимонада, боровница, боза или пак легендарната „мешавина“ од лимонада-боровница ја прави оваа слаткарница ретко пријатно место во вечерните скопски горештини не само за карпошани, туку и за граѓаните од другите соседни општини, пред се жители на Ѓорче Петров и Сарај.



Освен стандардните сладоледи од ванила, чоколадо, банана, тука се и оние со мед и ореви, смоква, вишна, малина, шумско овошје, авокадо, сникерс, рафаело, двојно чоколадо, бадем, лешник и многу, многу други врсти на сладоледи. Ориналeн ориентален, но и трендовски вкус на овој сезонски десерт. Токму тие „шаренолики“ вкусови и богатство на понуда се најчестата причина конзументите да ја посетат оваа одлична слаткарница. За оние пак, кои сакаат да пробаат слатки, во „Палма“ има одличен асортиман на благи колачиња. Разните видови торти, баклавите, еклерите, индијанките, трилече, „чиз кејк“, разноврсните овошни колачи се дел од богатата понуда, на оваа, надалеку прочуена карпошова слаткарница. Незаобиколен дел од посетата на „Палма“, секако се и освежителните пијалоци, кои се навистина добредојдени во летните горештини.





Опкружена со зеленило, под дрворедот на липите наредени долж „Партизанска“, слаткарницата е уникатна и по една друга карактеристика која ја краси Општина Карпош. Мултиетничноста на гостите, кои секоја вечер се дружат и релаксираат токму во ова популарно место во Карпош, дава специфичен белег на слаткарницата и ја прави уште попримамлива и поугледна.

**Благојче Атанасовски**

# „ВОДЕН СВЕТ"
# ВО СРЦЕТО НА КАРПОШ



*Во рамки на СЦ. Борис Трајковски, во општина Карпош, на површина од 12.000 квадратни метри, се наоѓа летната атракција на главниот град, Аква Паркот. Ова „водено" задоволство содржи 10 тобогани, базен за деца, или детско катче наречено „Пиратите на Македонија", базен со бранови, „мрзлива река". Покрај спортските можности, ова специфично бизнис катче располага и со административна зграда со ресторани, кафе-барови, санитарни јазли, соблекувални и катче за прва помош.*

Шеста година по ред, се докажува дека Општина Карпош е локациски најидеалното место за голем број бизнис идеи. Огромниот број, кој патем, секоја година се повеќе расте, е причина ова летно уживање да биде уште едно урбано место кадешто младите и семејствата се дружат и се „ладат" во топлите денови. Паркингот пред влезот на летната атракција, е од големо значење за сите посетители, што битно им го решава проблемот на посетителите на Аква паркот. И покрај големите годишни финансиски трошоци на аква паркот, сепак влезната карта од почетокот до сега е иста.

- Локацискиот дел е навистина многу важен за отпочнување на една бизнис идеја, вели менаџерот кој е познат како Симе аква парк. Карпош е токму местото кое е идеално за такво нешто. Еве веќе шеста година како работи Аква паркот и навистина добро ни оди. Секако дека сме лимитирани со средства, поради стандардот се обидуваме да ја задржиме и цената на влезната карта. Новитет од оваа година е тоа што воведовме полудневна карта, која, по 15 часот е за околу 33% поефтина.

Аква паркот е место со релаксирачка атмосфера, па така, таргетот на посетители се пред се тинејџери како и семејни луѓе, кои навистина уживаат во содржините кои ги нуди Аква паркот.

- Целта на оваа летна атракција е да ја задржиме атмосферата на високо ниво, да не дозволиме да се случи нешто што би можело Аква паркот да го бие лош глас. Има навистина доволна посетеност – ни вели Симе.

Одговорноста за безбедноста на Аква паркот ја носи Црвен крст на Република Северна Македонија. Освен нив, безбедноста која е на високо ниво, е заслуга на секојдневната бројка од над 14 спасители кои се обучени и лиценцирани за оваа работа. Тие се носители на безбедноста, а истите се поставени на секоја одредена точка кадешто е потребно. Сите тобогани и патеки, се обележани со ниво на ризик, и имаат лимитиран висинки метар, што, на некој начин олеснува одговорноста за својата безбедност да ја сносат и самите гости.



Од оваа година, се реализираше системот хлорање со калциум хипохлорид, кој е еден од постабилните прочистувачи во базените. Секоја содржина има своја пумпа и систем за филтрирање, што ја прави водата чиста и безбедна за капење. Центарот за јавно здравје, секој месец има задача да ја контролира водата на секоја содржина во Аква паркот, и да ги обезбеди потребните мерки.

- Водата се третира хемиски и до сега сме немале никакви поплаки. Водата е хемиски исправна, а гаранти за тоа се контролите од Центарот за јавно здравје кои секој месец доаѓаат и ја контролираат водата на секое место – тврди Симе.

Идниот плански проект на одговорните во Аква паркот е да пуштат голем базен за рекреација и уживање. Инаку Аква паркот во Карпош е отворен три ипол месеци, почнувајќи од јуни па се до средината на септември.

**Мила Гавриловска**















**Darko Kezhman** @kezhmanprvi · 19h
Replying to @sbogoev @OpstinaKarpos and @SeLudiOkoluNas
друже до каде е работата со улицата во Козле што води до детската болница ...

**Стефан Богоев**
@sbogoev

Replying to @ovaj_stariov @OpstinaKarpos and @FurkanSaliu
Ќе биде реконструирана со Договорот за меѓуопштинска соработка со ЈП Улици и патишта. За жал, излегоа одредени проблеми во тех.административниот дел и затоа доцни санацијата.

**Стефан Богоев** @sbogoev · 19h
Зборував со директорот на ЈП Улици и патишта, за скоро ќе почнат со активности на терен.

**Darko Kezhman** @kezhmanprvi · 19h
фала на одговорот друже ...

**Robson** @robertmkd1979 · Jul 20
@OpstinaKarpos кој е надлежен да се отстрани овој киоск (кај Симпо)? Поздрав



**Opstina Karpos (Municipality of Karposh)** @OpstinaKarpos · Jul 22
Replying to @robertmkd1979
Надлежни за отстранување на трафики/киосци се @CityofSkopje . Ние ќе испратиме допис за да ги информираме и да реагираат што поскоро.

# twitter

**Toni Dimitrov** @toni_dimitroff · Jul 31
@sbogoev дај да видиме што може да се направи за Гагарин (околу 35), некој лежечи или сл. Бегаат од Гологанов за да избегнат семафри и газат, а тука попладне е преполно со деца, колички, точачиња, кучиња, стари луѓе... сите од маало искачаат по паркчето. Џабе пешачки мешачки...



**Стефан Богоев**
@sbogoev

Replying to @toni_dimitroff
„Легнат полицаец" не може да се постави на било која улица. Затоа што и за него се подготвува проект и треба да соодветствува со целокупната сигнализација на потегот. Но, испратете една петиција до Одделение за комунална инфраструктура и ќе ја провериме можноста. 😊

**Шукар Чавела** @jovanatozija · Jul 22
Во план ли е реконструкција на платото кај Порта Влае?

**Стефан Богоев**
@sbogoev

Replying to @jovanatozija
Да, во план е. Реконструкцијата ќе биде во повеќе фази.

**Клучарот** @Cuknitripati · Aug 1
Parkot od Karpos 4 do Vardar do kade e

**Стефан Богоев**
@sbogoev

Replying to @Cuknitripati and @Jovanowsky
Во тек е постапка, јавна набавка - покана за доставување на понуди за изведба на градежни работи, за изградба на паркот (од вештачката карпа до бунарите на р.Лепенец).

**Стефан Богоев** @sbogoev · Jul 31
‼️ Побарав и поголемо присуство на полициски службеници долж Кејот на Вардар, за да спречиме палење огнови на отворено и истурање на отпад. Дополнително на терен ќе бидат и нашите инспекциски служби. НУЛА толеранција за загадувачите!

**Darko Arsovski** @dArsovec · Jul 17
Откога сум во Порта Влае не памтам јужното плато да има зеленило. Откако @OpstinaKarpos посадија грмушки, видеа дека се сушат, почнаа да полеваат секојдневно, се појави тревата, цвеќињата, а дојдоа и пчелите. Официјално пак викам браво и се надевам дека нема да косите до дно.






Клиничка Болница **Аџибадем Систина**

# ЧУВАЈТЕ ГО СРЦЕТО ВО ЛЕТО
## – ВИСОКИТЕ ТЕМПЕРАТУРИ ДОПОЛНИТЕЛЕН РИЗИК ЗА СРЦЕВОБОЛНИТЕ

**д-р Димитар Душкоски,**
Специјалист по интерна медицина

**Болестите на срцето и на крвните садови се причина број еден за смртност како во земјава, така и во светот. Високите летни температури дополнително може да ја влошат состојбата кај лицата со кардиоваскуларни заболувања, а во текот на летото зголемен е и ризикот од добивање срцев удар, вели д-р Димитар Душкоски, специјалист по интерна медицина од Клиничката болница „Аџибадем Систина“.**

Високите температури и силните и штетни ултравиолетови сончеви зраци влијаат врз состојбата на веќе дијагностицирани срцеви болни и лицата кои имаат предиспозиции за појава на кардилошки заболувања. Д-р Душкоски советува луѓето кои имаат повеќе коморбилитети (шеќерна болест, вграден стент, претрпен мозочен удар) да бидат значително повнимателни при изложувањето на сонце и да избегнуват тоа да го прават во периодот од 11 до 17 часот, да внесуваат по минимум 2 литри течности дневно (вода, чаеви, природни сокови, а да се избегнува алкохол). Потребно е физичката активност да биде сведена на минимум и редовно да ја примаат препишаната терапија. Тој препорачува пред стартот на летните горештини и пред заминување на годишен одмор срцевоболните лица задолжително да направат кардиолошки преглед (можно е да има потреба од модифицирање на терапијата).

**Совети за безбедно летување**

Препораката на д-р Душкоски е лицата со срцеви заболувања летниот одмор да го поминат на планина. Безбедното летување зависи, пред сè, од типот на срцевото заболување, но и од возраста на пациентот. Без разлика дали се наоѓаат на планина или на море, мора да бидат заштитени со соодветен фактор, кој не служи само за заштита на кожата, туку штити и од кардиоваскуларни заболувања и од хиперемија која може да настане и да влијае на циркулаторниот систем. Доволен внес на течности, без алкохолни напитоци, редуцирање на пушењето, консумирање полесна храна со овошје и зеленчук, почесто и во помали количини.

**Симптоми на срцев удар**

- силна градна болка
- вртоглавица
- стегање во долната вилица
- забрзан пулс (срцебиење)
- трнење на левата рака
- болки во желудник

Д-р Душкоски вели дека не постои единствена клиничка слика за срцев удар, но порачува и при најмала болка во градите да се посети кардиолог. Дијабетичарите, советува д-р Душкоски, треба постојано да внимаваат на нивото на шеќер во крвта, бидејќи кај нив болката може биде прикриена, поради тоа што прагот на толеранција на болка е многу повисок и ваквите пациенти може воопшто да не осетат болка. Во услови на директна изложеност на сончеви зраци, дехидратацијата може да доведе и до топлотна исцрпеност и топлотен удар, особено кај срцевите болни. Симптомите треба навремено да бидат препознаени и веднаш да се посети најблиската ординација.

# Урбани заедници

**Карпош 1**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирче Блажевски
02 | 30.68.754 и 078 | 48.69.29
m: karpos1@karpos.gov.mk
A: ул. Иван Аговски бр.2

**Карпош 2**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Лидија Цацановска
02 | 30.71.246 и 078 | 48.69.55
m: karpos2@karpos.gov.mk
m: lidija.cacanovsa@karpos.gov.mk
A: ул. Бранислав Нишиќ бр.4

**Карпош 3**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Весна Мирковска
078 | 48.60.59
m: karpos3@karpos.gov.mk
m: vesna.mirkovska@karpos.gov.mk
A: ул. Радика бр.9

**Карпош 4**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Виолета Божиновска
072 | 26.80.52
m: karpos4@karpos.gov.mk
A: ул.Љубљанска бр.6

**Тафталиџе 1**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Вера Пенова
072 | 20.96.85
m: taftalidze1@karpos.gov.mk
A: ул.Букурешка бр. 2

**Тафталиџе 2**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Петковска
078 | 48.69.19
m: taftalidze2@karpos.gov.mk
Одговорно лице:
Горан Велковски
078 | 48.69.28
A: ул.Копенхагенска бр.5
(простории на ЗЕЛС – сутерен)

**Влае 1**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Ненад Зафировски
072 | 26.80.53
m: vlae1@karpos.gov.mk
A: ул. Фјодор Достоевски бр.2

**Влае 2**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Витка Ацевска
070 | 72.50.82
Одговорно лице:
Жарко Јосифовски
072 | 26.80.56
m: vlae2@karpos.gov.mk
A: ул. Сливовска бр. 1

**Нерези**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Сеад Мехмети
078 | 48.76.23
Одговорно лице:
Весна Антеска
078 | 48.69.22
m: nerezi@karpos.gov.mk
A: ул.Ванчо Мицков бр. 19

**Владо Тасевски**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Елена Ѓурчилова
078 | 48.69.27
m: vladotasevski@karpos.gov.mk
A: ул. Дрезденска бр. 52

**Кузман Јосифовски Питу**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Велика Стојановска
078 | 48.69.53
Одговорно лице:
Наташа Геровска
077 | 57.06.87
m: kjpitu@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр. 7

**Пецо Божиновски Кочо**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирјана Милошевска
070 | 33.82.74
Одговорно лице:
Данче Стевиќ
078 | 22.62.96
m: pecobozinovski@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр. 7

**Злокуќани**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Гаши Садри
078 | 48.69.23
Одговорно лице:
Васко Крстевски
077 | 80.76.16
m: zlokukjani@karpos.gov.mk
A: ул. Скупи бб.

**Бардовци**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Витанова Богојеска
071 | 45.52.99
m: bardovci@karpos.gov.mk
A: с.Бардовци

**Одделение за месна самоуправа**
Раководител:
Миле Стевков
070 | 23.57.90
m: mile.stevkov@karpos.gov.mk

| | |
|---|---|
| **Кабинет:** | 02 \| 30.55.901<br>02 \| 30.55.902 |
| **Претседател на Советот на Општина Карпош:** | 02 \| 30.55.913 |
| **Секретар на Општина Карпош:** | 02 \| 30.55.918 |
| **Сектор за правниработи:** | 02 \| 30.55.900 |
| **Сектор за дејности од јавен интерес:** | 02 \| 30.55.939 |
| **Сектор за односи со јавност:** | 02 \| 30.55.920 |
| **Сектор за развој на општината:** | 02 \| 30.68.151 |
| **Сектор инспекторат:** | 02 \| 30.55.931 |
| **Сектор за финансиски прашања:** | 02 \| 30.55.923 |
| **Архива:** | 02 \| 30.55.954 |
| **Сектор за урбанизам:** | 02 \| 30.55.900 |
| **Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи:** | 072 \| 21.43.54 |
| **Сектор за екологија и енергетска ефикасност:** | 02 \| 3076 035 |
| **Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци:** | 02 \| 3055 942 |
| **Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра:** | 02 \| 3067 055 |

gradonacalnik@karpos.gov.mk
sekretar@karpos.gov.mk
kontakt@karpos.gov.mk

**www.karpos.gov.mk**

### Поважни телефони

| | |
|---|---|
| Полиција | 192 |
| Противпожарна бригада | 193 |
| Брза помош | 194 |
| Управување со кризи | 195 |
| АМСМ - помош на патишта | 196 |
| АМСМ - информативен центар | 155 55 |
| Авто помош на пат (24 ч.) | 9159 |
| Царина | 197 |
| Матична служба - ГУВР | 3117 037 |
| Сала за венчање | 3118 250 |

### ПТТ услуги

| | |
|---|---|
| Будење | 180 |
| Точно време | 185 |
| Информации | 988 |
| Воена полиција | 3227 700 |
| Пазарен инспекторат | 975 |
| Водовод и канализација - дежурна служба | 3073 010 |
| Комунална хигиена - дежурен диспечер | 3224 961 |
| Оџаци - оџачарски услуги | 2440 293 |

### Сообраќај

| | |
|---|---|
| Меѓуградска автобуска станица | 2466 313 |
| Македонија сообраќај | 2402 388 |
| Железничка станица | 3234 255 |
| Аеродром Скопје | 3148 333 |

### Дежурни аптеки

| | |
|---|---|
| Зегин (МНТ-подрум) | 3117 614 |
| Реплек - аптека бр.4 | 3130 170 |

### Здравствени објекти

| | |
|---|---|
| Клиничка болница | 3147 147 |
| Градска општа болница | 3235 000 |
| Болница 8 Септември | 3087 400 |
| Детска болница - Козле | 3085 761 |
| Неуромедика | 3130 000 |
| Клиника "Мајчин дом" | 3147 004 |
| Стоматолошки клинички центар | 3299 000 |
| Гинеколошко - акушерска клиника | 3147 147 |
| Гинекологија и акушерство - Чаир | 2611 033 |
| Аџибадем Систина | 3099 500 |

### Дежурни поликлиники

| | |
|---|---|
| Букурешт | 3064 088 |
| Идадија | 3113 033 |
| Ѓорче Петров | 2031 022 |
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Чаир | 2795 112 |
| Драчево | 2611 506 |
| Шуто Оризари | 2651 696 |
| Ченто | 2522 351 |
| Бит-Пазар | 3134 534 |
| Неуромедика | 3133 313 |




**e-mail**
kontakt@karpos.gov.mk

**Facebook**
Општина Карпош

**Twitter**
@OpstinaKarpos

**Instagram**
@opstinakarpos